ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

СУ бр.  07-31/21

24.12.2021 година

Битола

Судскиот администратор на Основен суд Битола, Силвана Дејаноска, врз основа на член 43 став 1 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14, 33/15,98/18,61/16 и 198/18), а по спроведената постапка по Интерен оглас бр.01/2021, за унапредување на судски службеник, за работно место Самостоен судски референт-технички секретар на претседател 1 (еден) извршител, по доставениот Предлог за унапредување од страна на Комисијата за селекција за унапредување СУ бр. 04- 62/21-1 од 23.12.2021 година, на ден 24.12.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За избор на кандидат за унапредување на судски службеник**

За работно место - Самостоен судски референт-технички секретар на претседател 1 (еден) извршител, категорија ,,Г,, ниво ,,Г-1,, шифра СУД 0101Г01001, по интерниот оглас на Основен суд Битола 01/2021 се избира кандидатот:

Маре Секулова.

Решение за унапредување на избраниот кандидат ќе се донесе по конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиено известувањето на Министерство за финансии бр. 18-10235/2 од 03.12.2021 година и согласност од Судски Буџетски Совет на РСМ бр. 08-890/6 од 07.12.2021година за обезбедени финансиски средства, од страна на Основен суд Битола на веб страната на судот на ден 14.12.2021 год. беше објавен Интерен оглас бр.01/2021, за унапредување на судски службеник, за работно место Самостоен судски референт-технички секретар на претседател 1 (еден) извршител.

Во законски предвидениот рок за ова работно место беше доставена 1-една пријава.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување спроведена е постапка за административна селекција и составен е записник СУ бр. 04-62/21-1 од 23.12.2021 година.

Комисјата за селекција за унапредување, согласно член 5 став 1 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас ... („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2020), изврши интервју со кандидатот, за што состави записник Су бр. 04-62/21-1 од 23.12.2021 година.

После спроведеното интервју, од страна на Комисијата за селекција за унапредување составена е конечна ранг листа и до Судскиот администратор доставен е Предлог за унапредување СУ бр.04-62/21-1 од 23.12.2021 година со кој се предлага унапредување на кандидатот Маре Секулова.

Судскиот администратор, согласно член 43 став 1 од Законот за судска служба, имајќи го во предвид Предлогот од Комисијата за селекција за унапредување одлучи како во изреката на одлуката.

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

Судски администратор

Силвана Дејаноска

ОСНОВЕН СУД РСМ 10 БИТОЛА

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 8-осум дена од приемот на известување за извршен избор, преку овој суд, до Совет на судска служба во Врховен суд на РСМ.

ДНА: Маре Секулова, архива, на огласна табла на судот, да се објави веб страната на судот.